## 3.2. Девизни движења

*Во март 2003 година прометот на девизниот пазар забележа пораст од 12,7% на месечна основа*

Вкупната вредност на купопродажните трансакции на девизниот пазар во март 2003 година изнесува 202,8 милиони САД долари, што претставува пораст од 12,7% во споредба со претходниот месец. Притоа, највисоко структурно учество во вкупниот обем на извршени девизни трансакции (87,3%) бележи прометот остварен меѓу банките и претпријатијата (зголемување за 3,4 процентни поени на месечна основа). Во март 2003 година НБРМ реализираше нето-откуп на девизни средства, додека деловните банки во целост ја задоволија побарувачката за девизни средства од страна на останатите субјекти- учесници на овој пазар.

На крајот на март 2003 година на девизниот пазар се разменуваа 61,23 денари за едно евро, што претставува блага месечна апресијација на денарот од 0,3%. Според паритетите на Европската Централна Банка, американскиот долар во текот на март 2003 година осцилираше во однос на еврото во распон од 0,887 - 0,931 евра за долар. Имено, во последната декада на март со падот на цената на нафтата и златото на светските берзи, американскиот долар зајакна во однос на еврото. Ваквите движења се рефлектираа и на домашниот девизен пазар, каде на крајот на март се разменуваа 57,06 денари за еден американски долар, што претставува месечна депресијација на денарот во однос на американскиот долар од 0,5%.

Графикон 25
Движење на вкупниот промет на девизниот и менувачкиот пазар
(во милиони САД долари)




*Прометот со девизни средства на менувачкиот пазар забележа пораст*

Во текот на март 2003 година, заради зголемената побарувачка, како и понуда на девизни средства (на месечна основа за 6,8% и 25,0%, соодветно) прометот на менувачкиот пазар оствари зголемување од 17,8%, достигнувајќи 80,7 милиони САД долари. Во март 2003 година од страна на менувачниците беше реализиран нето-откуп на девизи во износ од 22,3 милиони САД долари. Флуктуациите регистрирани на девизниот пазар соодветно се рефлектираат и на менувачкиот пазар. На крајот на март девизниот курс на денарот во однос на еврото на менувачкиот пазар изнесуваше 61,40 денари за едно евро (месечна апресијација на денарот во однос на еврото од 0,6%). Истовремено, на 31.03.2003 година се разменуваа 56,28 денари за еден американски долар, што претставува депресијација на денарот од 0,5% споредено со претходниот месец.

Графикон 26
Дневен среден девизен курс на денарот на менувачкиот пазар
(денари за единица странска валута)




*Порасӣ на бруӣо девизниӣе резерви на НБРМ...*

Вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија во март 2003 година регистрираше намалување на месечна основа од 1,7 милиони САД долари, сведувајќи се на 1.305,4 милиони САД долари. Притоа, бруто девизните резерви на НБРМ во март забележаа пораст од 2,5 милиони САД долари и на 31.03.2003 година изнесуваа 684,5 милиони САД долари, главно како резултат на реализираниот нето-откуп на девизи од деловните банки, како и порастот на девизните депозити на државата.

Графикон 27
Девизен потенцијал на Република Македонија
(во милиони САД долари)




*...ӣри намалување на девизниӣе средсӣва кај деӣозиӣниӣе банки*

Девизните средства кај депозитните банки во март 2003 година на месечна основа се намалија за 1,1 милион САД долари, што во услови на пораст на девизните депозити на економските субјекти кај банките (за 4,0 милиони САД долари), се должи на намалувањето на сопствените девизни средства на банките (за 5,1 милион САД долари). При речиси непроменети девизни депозити на населението, порастот на девизните депозити на претпријатијата (месечен пораст од 4,6 милиони САД долари), беше главна детерминанта на растот на депозитите на економските субјекти кај банките.